Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

Оддел за односи со јавност и стратешки прашања
Сектор за односи со јавност и протокол

рег. бр. 16.1.2-463/4

Скопје 10.04.2025 год.

До

[redacted]

**Предмет: РЕШЕНИЕ за одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

Министерството за внатрешни работи, врз основа на член 14, 20, 21 и 24 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Сл.в. на РСМ„ бр.101/2019), а согласно Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Сл.в.на РСМ„ бр.60/20), во врска со Барање од [redacted] со бр.16.1.2-463/1 од 26.03.2025 година, го донесе следното,

**РЕШЕНИЕ**
**за одговор на барање за слободен пристап до бараната информација**

Во врска со Вашито барање за пристап до информации од јавен карактер, со бр.16.1.2-463/1 од 26.03.2025 година, по извршените проверки во надлежните организациски единици и согласно податоците со кои располагаме, Ве известуваме за следното:

Од страна на ОВР Гевгелија се издадени согласности за времена измена на режим на сообраќај, при реконструкција на главните улици во населените места Николич, Црничани и Фурка, поради тоа што согласно член 14 од Законот за безбедноста во патниот сообраќај Општина Дојран се надлежни за издавање на одобрение на времена измена на режимот на сообраќај на локални патишта и улици по претходна наша согласност.


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

Оддел за односи со јавност и стратешки прашања
Сектор за односи со јавност и протокол

При времен режим на сообраќајот на регионалниот пат 1105 пред влезот на с. Николич има улица на левата страна по која е дозволено да се движат ТМВ, во с. Црничани е забрането да се движат, бидејќи пристапот е од Локалниот пат бр.8 кој е забранет за сообраќај на ТМВ, а пристапот до с.Фурка е од Локалниот пат бр.9 кој е забранет за сообраќај на тешки товарни возила

Поставувањето на сообраќајните знаци се регулира со изготвување на сообраќајни проекти за траен режим.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот [redacted] поднесе барање за слободен пристап до информации од јавен карактер до Министерство за внатрешни работи.

По добивањето на барањето од страна на Одделот за односи со јавност и стратешки прашања и по извршени проверки во СВР Струмица од каде добиениот одговор му го доставуваме на барателот.

**Правна поука**: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Изработил: Ивана Алексовска**
**Контролирал: Тони Димитриевски**
**Одобрил: Гоце Андреевски**

**ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ**
**Мухамед Исмаили**


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015